Уп. бр. 08-159

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Крисзтина корут бр. 39, 1013 Будимпешта, Унгарија, доставено преку Адвокатско друштво Тошиќ и Јефтиќ од Скопје на седницата одржана на ден 11.12.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Крисзтина корут бр. 39, 1013 Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола врз Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Асзталос Сандор ут. 2, 1087 Будимпешта, Унгарија, Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Сзент Истван ут 16. 3. ем. 313. ајто, 8100 Варпалота, Унгарија и ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Асзталос С., ут. 2, 1087 Будимпешта Унгарија, по пат на купопрдажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 11.11.2025 година, до Комисијата за заштита на

конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Крисзтина корут бр. 39, 1013 Будимпешта, Унгарија, со кое 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг ќе стекне контрола врз Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Асзталос Сандор ут. 2, 1087 Будимпешта, Унгарија, Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Сзент Иствaн ут 16. 3. ем. 313. ајто, 8100 Варпалота, Унгарија и ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Асзталос С., ут. 2, 1087 Будимпешта Унгарија, по пат на купопрдажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг** (4iG Űr és Védelmi Technológiák Zártkörűen Működő Részvénytársaság)**,** е акционерско друштво чија главна дејност е дејност на холдинг компании, телекомуникации и интеграција на ИТ системи, технологии за вселена и одбрана, радиодифузни и сателитски услуги.

4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг има едно поврзано правно лице во Северна Македонија, а тоа е **Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје**, друштво со ограничена одговорност основано согласно законите на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Црвена Вода број 7/3, 1000 Скопје, Северна Македонија, чија што приоритетна дејност е–дејности на безжични телекомуникации.

**-Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг** (N7 Defence Holding Zártkörűen Működő Részvénytársaság) е акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Асзталос Сандор ут. 2, 1087 Будимпешта, Унгарија, чија главна дејност е дејност на холдинг компании, односно управување со сопственост на различни одбранбено-индустриски средства. Нивното портфолио ги опфаќа главните унгарски компании од одбранбената индустрија (производство на огнено оружје и муниција, воени возила, одржување и компоненти за авијација итн.).

Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг (N7 Defence Holding Zártkörűen Működő Részvénytársaság) нема поврзани лица во Република Северна Македонија.

**-Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг** (Hirtenberger Defence Systems Védelmi Ipari Korlátolt Felelősségű Társaság) е друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Сзент Иствaн ут 16. 3. ем. 313.

ајто, 8100 Варпалота, Унгарија. Друштвото е дел од групација што на глобално ниво е активна како развивач, производител и добавувач на минофрлачки системи. Асортиманот на производи вклучува минофрлачка муниција, оружени системи, помошна теренска опрема, системи за нишанење и целење.

Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг (Hirtenberger Defence Systems Védelmi Ipari Korlátolt Felelősségű Társaság) нема поврзани лица во Република Северна Македонија.

**-ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг** (VAB Korlátolt Felelősségű Társaság) е друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Асзталос С., ут. 2, 1087 Будимпешта Унгарија, чија главна деловна активност е развој на градежни проекти.

ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг (VAB Korlátolt Felelősségű Társaság) нема поврзани лица во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**